# Модул 2 за е-учење за ДДВ

## ТЕРИТОРИЈА

### Поенти од курсот

Ова е практично резиме на најрелевантните информации од курсот.

Овој курс за е-учење се повикува на законодавството на ЕУ за ДДВ што стапило во сила на 01.01.2020 година (важечки за Директивата на ЕУ за ДДВ (2006/112/ЕС), Директивата на ЕУ за поврат на ДДВ (2008/9/ЕС) и Регулативата на ЕУ за имплементација на ДДВ (282/2011)).

Овој модул е дел од поширокиот курс за ДДВ кој се состои од следните лекции:

- Вовед
- **Територија**
- Даночен обврзник
- Промет
- Место на оданочлив промет
- Дигитални услуги и мини-едношалтерски систем (MOSS)
- Оданочлив настан и даночна основа
- Стапки
- Ослободувања
- Право на одбиток
- Поврат
- Обврска

Во овој курс ќе научите што значи Територијата на Европската унија и како ги поставува границите за степенот на оданочување со ДДВ, со цел да се утврди дали се применува ДДВ. Тоа го опфаќа прашањето: „наш ДДВ?“

## 1. Цели на учењето

На крајот од обуката ќе можете да:

- Согледате колку е значајно да се има способност да се одреди **територијалниот делокруг**;
- Опишете кои се **трети територии** и **трети земји**;
- Знаете што се **Територија опфатена со ДДВ** и **Царинска територија**, и ќе ги разбирате разликите меѓу нив;

- Правите разлика помеѓу што е, а што не е дел од територија опфатена со ДДВ и ќе ги разбирате последиците од нејзините ограничувања;
- Ја користите Директивата за ДДВ за точно да го одредите територијалниот делокруг;

## 2. Како да се одреди територијалниот делокруг

Територијата каде Директивата за ДДВ се применува е ЕУ, со други зборови, државите кои се членки на Европската унија.

Територијата опфатена со ДДВ одредува дали ќе се применува ДДВ во ЕУ или не. **Предмет на ДДВ ќе биде само промет кој се врши во рамки на територијата опфатена со ДДВ.**

Постојат **четири** категории на **релевантни промети за ДДВ:** промет на стока (чл. 14), набавка на стока во рамките на Заедницата (чл. 20), промет на услуги (чл. 24) и увоз на стока (чл. 30).

**Четирите главни територии** се прикажани во графикот:




**Територија на ЕУ**: Територијата на ЕУ е составена од територијата на секоја од земјите-членки за кои важи Договорот за Европската унија.

**Царинска територија:** Царинската територија се состои од териториите на сите земји-членки на ЕУ. Сепак, таа **исклучува одредени територии на земјите-членки:** Бусинген, Кампионе д'Италија, Сеута, Островот Хелголанд, Езерото Лугано, Ливињо и **ги вклучува** териториите на **одредени трети земји** кои не се дел од ЕУ заради историски причини: Кнежевството Монако, Суверените воени бази на Обединетото Кралство Акротири и Декелија (за стоки кои пристигнуваат од такви држави не треба да се плаќаат увозни давачки).

**Територија опфатена со ДДВ:** Територијата опфатена со ДДВ **е составена од териториите на сите земји-членки на ЕУ,** но**не вклучува** одредени територии на земјите-членки, **наречени трети територии**: Бусинген, Кампионе д'Италија, Сеута,

Островот Хелголанд, Езерото Лугано, Ливињо согласно член 6(2) и Канарските Острови, Планината Атос, Островите Аланд, Француските прекуморски територии согласно член 6(1) (мора да се плати ДДВ при увоз бидејќи тие не се дел од територијата опфатена со ДДВ). Територијата опфатена со ДДВ **ги вклучува** територииите на **одредени трети земји** кои не се дел од ЕУ заради историски причини: Кнежевството Монако, Суверените воени бази на Обединетото Кралство Акротири и Декелија (за стоки кои пристигнуваат од такви држави не треба да се плаќаат увозни давачки).

**Трети земји:** Трети земји се преостанатите земји во светот. Секоја територија за која не важи Договорот за ЕУ претставува трета земја. Таму не важи Директивата за ДДВ, ниту пак Царинскиот закон.

**Разликата помеѓу територијата опфатена со ДДВ и царинската територија: територијата опфатена со ДДВ** ги вклучува членките на ЕУ и за**царина и за ДДВ**. **Царинската територија** се однесува на трети територии: постои царина, **но нема ДДВ**

ДДВ мора да се плати за промет кој се врши во рамки на земја-членка која е дел**и од територијата опфатена со ДДВ и од царинската територија**. За територии кои се дел од ЕУ, но не припаѓаат во територијата опфатена со ДДВ (трети територии), погледнете го членот 6(2), ДДВ во ЕУ не се применува за промет кој се врши во овие територии.

Увозните давачки и ДДВ при увоз мора да се платат за стоки кои пристигнуваат од такви територии бидејќи тие не се дел од царинската територија, ниту од територијата опфатена со ДДВ.

## 3. Резиме

**Кои земји и кои територии се дел од територијата опфатена со ДДВ:**

**Земјите-членки** на ЕУ освен следните **трети територии:** Планината Атос, Канарските Острови, Француските прекуморски територии, Островите Аланд, Островот Хелголанд, територијата на Бусинген, Сеута, Мелилја, Ливињо, Кампионе д'Италија, италијанските води на езерото Лугано.

**Кои земји и кои територии не се дел од територијата опфатена со ДДВ:**

Трети земји и горенаведените трети територии.

**Кои трети земји и територии кои се дел од територијата опфатена со ДДВ се третираат како земји-членки:**

Кнежевството Монако (како Франција), Суверените воени бази на Обединетото Кралство Акротири и Декелија* (како Кипар)

**освен ако не се усвоени други одредби по повлекувањето на Обединетото Кралство од ЕУ*

**Како територијалниот делокруг влијае на одлуката за тоа дали мора да се плати ДДВ:**

Делокругот ги поставува границите за степенот на примена на ДДВ. За промет кој се врши во рамките на територијата опфатена со ДДВ, ќе се применува ДДВ на ЕУ. Надвор од територијата опфатена со ДДВ, нема да се применува ДДВ на ЕУ. Само прометот кој се врши во рамките на територијата опфатена со ДДВ е предмет на данок.

Пристап до неограничени курсеви за е-учење е возможен преку интернет-страницата EUROPA: [https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en](https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en).

*Запомнете, ова е кратко и практично резиме на најрелевантните информации од курсот. Само законодавството на Европската унија објавено во Службениот весник на Европската унија се смета за автентично. Комисијата не презема одговорност за што и да е во врска со обуката.*